Врз основа на член 94 точка 43, во врска со член 185 од Законот за високото образование и на член 273 од Статутот на Универзитетот, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, на 178-та седница одржана на ден 26.02.2020 година, го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЗВАЊЕ ПРОФЕСОР ЕМЕРИТУС НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите и постапката за доделување звање Професор емеритус на редовен професор во пензија на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, како и неговите права од звањето Професор емеритус.

### Член 2

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола годишно може да додели звање Професор емеритус за најмногу двајца професори во пензија, имајќи го во предвид законски утврдениот процентуален максимум од 5% од вкупниот број наставници на универзитетот.

### Член 3

Универзитетот може, на предлог на наставно-научниот совет, односно научниот совет на единицата, по иницијатива на самиот кандидат, внатрешна организациона единица на единицата или пет члена на наставно-научниот/научниот совет, да му додели звање Професор емеритус на редовен професор во пензија, кој посебно се истакнал со својата научна, односно уметничка работа, кој стекнал меѓународна репутација и постигнал резултати во обезбедувањето на наставно-научен и соработнички подмладок во областа во која е избран.

### Член 4

Предложениот кандидат за избор во почесно звање Професор емеритус, за да биде избран, мора да има посебни заслуги за развој и унапредување на Универзитетот, како и да има признат меѓународен и домашен научен/уметнички стручен и наставен придонес.

Звањето Професор емеритус може да му се додели на редовен професор во пензија на Универзитетот, кој ги исполнува следниве услови:

- особено се одликува со неговата научна, односно уметничка, наставна и стручна работа;
- во текот на својата работа се здобил со меѓународен углед;

- постигнал значителни резултати во обезбедувањето на наставно-научен и соработнички подмладок во областа во која бил избран;
- имал значаен придонес за развој и унапредување на Универзитетот и единицата која го предлага за доделување на звањето;
- дал значаен придонес за угледот и афирмацијата на Универзитетот и единицата во земјата и странство;
- го почитувал Етичкиот кодекс.

**Член 5**

Посебното истакнување со својата научна работа и меѓународната репутација на редовниот професор во пензија, во смисла на член 3 и 4 од овој Правилник, согласно член 185 од Законот за високото образование и член 273 од Статутот на Универзитетот, се оценува врз основа на долунаведените критериуми и тоа:

1. Признат меѓународен научен придонес во областа во која бил избран и работел;
2. Признат наставен придонес во областа во која бил избран и работел;
3. Признат стручен придонес во областа во која бил избран и работел;
4. Придонес за афирмација на единицата, Универзитетот или државата.

**Член 6**

Исполнетоста на првиот критериум, признат меѓународен научен придонес во областа во која работел, се оценува преку следниве услови:

1. Објавено повеќе од 20 Трудови во научното подрачје во кое работел, по изборот во звањето редовен професор, индексирани во некоја од следниве бази: EBSCO, Emerald, Scopus, Thomson Reuters, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank (објавените трудови треба да се нотирани на универзитетскиот репозиториум http://eprints.uklo.edu.mk/);
2. Цитираност поголема од 100 пати во базата на податоци Google Scholar;
3. Да бил раководител/координатор на најмалку 2 меѓународни проекти и да учествувал во уште најмалку 5 меѓународни проекти;
4. Да бил претседател на организационен, програмски или научен одбор при организација на меѓународни научни собири;
5. Да учествувал како поканет предавач на меѓународни научни собири (најмалку 3 предавања);
6. Да бил главен уредник на научно списание или член на уредувачки одбори во најмалку две научни списанија;
7. Да има прифатено најмалку еден национален или меѓународен патент;
8. Да издал една научна книга во странство или да бил автор на две поглавја во меѓународна научна книга;
9. Да ја вршел должноста на главен уредник барем на два зборници од меѓународни собири;
10. Членство во меѓународни организации и асоцијации од областа во која што е избран.

За исполнување на првиот критериум, признат меѓународен научен придонес во областа во која работел, од наведените 10 услови, потребно е да се исполнат најмалку 6.

**Член 7**

Исполнетоста на вториот критериум, признат наставен придонес на кандидатот во областа во која бил избран и работел, се оценува преку следните услови:

1. Воведување на нови предмети или нови содржини на сите циклуси на студии;
2. Учество во изработка на нови наставни програми или формирање на нови лаборатории или центри за квалитет во областа во која кандидатот работел;
3. Менторство на најмалку 5 докторски и 5 магистерски трудови од кои е објавено најмалку 8 трудови кои се издадени во Референтни научни публикации согласно Законот за високо образование;
4. Да обезбедил најмалку еден подмладок кој е избран во наставно-научно или соработничко звање на единицата во која кандидатот работел во моментот на заминување во пензија;
5. Да бил автор на најмалку еден универзитетски учебник за предметите на кои кандидатот предавал;
6. Да бил рецензент на најмалку еден универзитетски учебник.

За исполнување на вториот критериум, признат наставен придонес на кандидатот во областа во која бил избран и работел, од наведените 6 услови, потребно е да се исполнат најмалку 5.

**Член 8**

Исполнетоста на третиот критериум, признат стручен придонес на кандидатот во областа во која бил избран и работел, се оценува преку следните услови:

1. Раководел или соработувал на најмалку еден развоен проект од соодветната област;
2. Раководел или учествувал во изработка на најмалку 3 стручни проекти;
3. Да изработил најмалку 6 елаборати или стручни студии или исто толку проектни решенија или стручни работи;
4. Активно да учествувал во соодветни стручни комори како раководител или член на управен одбор на комората;
5. Да добил меѓународни или државни награди за областа во која бил избран и работел:

За исполнување на третиот критериум, признат стручен придонес на кандидатот во областа во која бил избран и работел, од наведените 5 услови, потребно е да се исполнат најмалку 3.

**Член 9**

Согласно одредбите од членот 4 од овој Правилник, кандидатот за Професор емеритус мора да има посебни заслуги за развој, унапредување и афирмација на Универзитетот во земјата и странство, што опфаќа и посебни заслуги за развој на единицата каде работел, но и на државата, заради што Рецензионата комисија посебно ќе вреднува, доколку кандидатот исполнил еден од следните услови кои се однесуваат на посебниот придонес за афирмација на државата, Универзитетот или единицата:

1. Да извршувал должност: Претседател на државата, Претседател на Влада, Претседател на Собрание, Министер, Амбасадор;
2. Да извршувал должност, како претседател или член на тело на државно ниво, од областа во која бил избран и работел;

3. Да извршувал должност Ректор или Проректор на Универзитетот или Декан на единицата;
4. За својата работа да добил награда од Универзитетот или Факултетот, како и да добил награда од градот за работа во областа во која бил избран и работел.

**Член 10**

На редовен професор во пензија на УКЛО, му се доделува звањето Професор емеритус, доколку е редовен член на Академијата на науките и уметностите на Република Северна Македонија - МАНУ.

**Член 11**

Предлогот за избор во почесно звање Професор емеритус од предлагачот/ите се доставува до ректорот на УКЛО, најдоцна до 1 декември, и истиот треба да содржи:

- Согласност од кандидатот;
- Детална биографија и библиографија на кандидатот,
- Прилози за исполнетоста на условите и критериумите предвидени со овој Правилник;
- Изјава од деканот на единицата, каде што работел кандидатот, дека ќе му овозможи учество во наставната и научната/уметничката работа, соодветни просторни услови, како и техничка и административна поддршка на единицата, во согласност со овој Правилник.

Предлогот, на заедничка седница, го разгледуваат Комисијата за настава и обезбедување квалитет и Комисијата за наука и меѓународна соработка на Универзитетот.

Комисиите даваат предлог за прифаќање или одбивање на доставениот предлог.

Доколку предлогот биде прифатен, наставно-научниот/научниот совет на единицата формира рецензентска комисија составена од пет членови од редот на редовните професори, од кои најмалку тројца се од областа во која бил избран и работел кандидатот, а двајца се од други универзитети од земјата и/или странство.

Извештајот со предлогот на рецензентската комисија се објавува во Билтенот на Универзитетот.

Предлогот и извештајот се доставуваат до Ректорската управа, која дава мислење до Сенатот.

Одлука за доделување звање Професор емеритус донесува Сенатот на Универзитетот.

Звањето Професор емеритус, коешто е трајно звање, на редовниот професор во пензија му се доделува на свечена седница на Сенатот на Универзитетот по повод денот на основањето на Универзитетот.

**Член 12**

Професорот емеритус има советодавна улога на Универзитетот и единицата на која работел до пензионирањето.

Професор емеритус во согласност со потребите на Универзитетот и единицата има право да:

- Учествува во изведувањето на настава на втор и трет циклус на студии, во областа во која е избран;

- Да биде ментор при изработка на докторски труд (доколку е акредитиран) и на магистерски работи;
- Да биде член во комисиите за постапките за стекнување на назив/научен назив на втор и трет циклус студии.

**Член 13**

Професор емеритус, има право на месечен надомест, чиј максимален износ се утврдува од страна на Сенатот, а на предлог на Ректорската управа. Конкретниот износ на месечниот надомест го утврдува деканатската управа на единицата од која е предложен за професор емеритус и се исплаќа од сметката за самофинансирачки активности на единицата.

Месечниот надомест од став 1 на овој член, му припаѓа на Професор емеритус, независно од надоместоците што тој може да ги оствари за научна, уметничка или наставна работа.

**Член 14**

Во случај на повреда на Етичкиот кодекс, одредбите од Статутот на Универзитетот или единицата, како и на други акти на Универзитетот и единицата, кои се однесуваат на работата и однесувањето на наставниците, Сенатот може да го одземе почесното звање Професор емеритус.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 15**

Сите редовни професори со звање Професор емеритус, доделено пред влегувањето во сила на овој Правилник, го задржуваат доделеното звање, а соодветните права ќе ги остварат во согласност со одредбите на овој Правилник, од неговото влегување во сила.

**Член 16**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

**Претседател на Сенат**

**Вонр.проф. д-р Светлана Вељановска**